Australian Government
Civil Aviation Safety Authority

KNOW YOUR DRONE

# ВАЖНИ БЕЗБЕДНОСНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРОНОВИ




Вашиот дрон не смеете да го летате повисоко од 120 метри над земја.




Вашиот дрон мора да го држите најмалку 30 метри подалеку од други луѓе и никогаш не смеете да го летате над луѓе.



Не смеете да летате повеќе од еден дрон во исто време.



Летајте го само на дневна светлина.



Не смеете да го летате во населено подрачје. Тоа ги вклучува плажите, парковите, настаните или спортските терени за време на натпревари.



Вашиот дрон не смеете да го летате на начин што доведува во опасност друго летало, лице или имот. Почитувајте ја приватноста на другите.



Вашиот дрон држете го во визуелна линија на погледот. Тоа значи дека секогаш мора да можете да го гледате со сопствените очи (не со помош на некоја направа, екран или очила). Не го летајте низ облаци, магла или чад.



Вашиот дрон не смеете да го летате над или во близина на подрачја во кои е загрозена јавната безбедност или се одвиваат операции поради вонредна ситуација. Тоа ги вклучува активностите за итна медицинска помош (ambulance), на полицијата, на екипите за барање и спасување или на пожарникарите.




Ако вашиот дрон е потежок од 250 грама, не смеете да го летате поблизу од 5,5 километри од контролиран аеродром (аеродром со контролна кула). Ако е тежок 250 грама или помалку, може да го летате на височина до 45 метри поблизу од 5,5 километри, но надвор од границата на аеродромот и не создавајте опасност за други летала. Независно од тежината, држете се настрана од патеките за полетување и слетување.




Во близина на помали аеродроми без контролни кули, вашиот дрон може да го летате внатре во зоната од 5,5 километри. Ако станете свесни за летала во близина во кои има луѓе, оддалечете се и приземјете го вашиот дрон брзо и безбедно.



Ако сте на 1,4 километар од место за слетување на хеликоптери и станете свесни за хеликоптер што полетува или слетува, мора да го оддалечите вашиот дрон и да го слетате безбедно.



Ако вашиот дрон го летате за работа (комерцијално), важат дополнителни правила. Вашиот дрон мора да го регистрирате и да добиете дозвола или акредитација. Ако го летате само за забава, не е потребна регистрација или акредитација.

**KNOWYOURDRONE.GOV.AU**

2405.4919_Macedonian